Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019)
АД Електрани на Северна Македонија–Скопје, 11. Октомври 9, 1000 Скопје, 02/3149-121, contact@elem.com.mk

**(името на имателот на информацијата, адреса, телефон, факс, e-mail)**
Борче Илиевски
**(името на службеното лице)**

го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2024 до 31.12.2024)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;

2. Број на примени барања; 18

3. Број на позитивно одговорени барања; 14

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање; 2

Решение за целосно одбивање бр. 18-7465/1- Постапувајќи по предметното барање за пристап до информации од јавен карактер, Акционерското друштво за производство на електрична енергија, ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст на овој Тест на штетност: АД ЕСМ - Скопје) како имател на информацијата, согласно одредбата од член 6 ст.1 в.в. член 3 ст.1 алинеја 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19), спроведе задолжителна постапка за „Тест на штетност“, за да ги провери последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата.

Барањето за доставување на Меморандум за соработка на АД ЕСМ со АД Национални енергетски ресурси на Грција со фирми од Грција, а во врска со изградбата на терминал за течен природен гас во Александропули, како и Договор за користење на 10% природен гас од истиот терминал треба да се одбие во целост од причина што истите согласно содржината на бараните информации и согласно Правилникот за деловна тајна на Друштвото се доверливи и се заштитени со степен на доверливост „доверливо“.-Давањето на увид на овие информации на трети лица, може да повлече правни и финансиски последици за АД ЕСМ - Скопје. Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до јавни документи кон која има пристапено нашата земја, меѓу другото, тргнува од постулатот дека сите службени документи во принцип се јавни и можат да се задржат само кога се предмет на заштита на други права и легитимни интереси. Во тоа име , согласно одредбата од член 3 ст. 1 точка „е“ од Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до јавни документи „една Страна може да го ограничи пристапот до јавни документи. Ваквите ограничувања треба да бидат прецизно утврдени со закон, да се неопходни во едно демократско општество и да имаат за цел заштита на.. трговските и други економски интереси“.
Имајќи го предвид наведеново, а согласно обврската на АД ЕСМ – Скопје за заштита на принципот на доверливост, последиците врз интересот кој се заштитува се многу поголеми од јавниот интерес утврден со закон, и за сметка на истиот оддавањето на деловната тајна на чија заштита АД ЕСМ – Скопје е обврзан, како што е веќе укажано, ќе повлече правни и финансиски последици за АД ЕСМ – Скопје.

- Решение за делумно одбивање бр. 18-4269/1 – Барање да се направи увид во испорачани стоки/делови во Подружница РЕК Битола. Објектот со одлука е прогласен за објект од стратешко значење на државата и пристапот во него е строго ограничен.

5. Број на неодговорени барања; 2

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација); 1

- Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер донесе решение бр. 08-223 од 21.08.2024 година со кое, жалбата на Трговско друштво за машиноградба и посредување во прометот ССА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, против Решението на АД ЕСМ бр. 18-4269/3 од 26.07.2024 година, за делумно одбивање на Барање за пристап до информации од јавен карактер, се уважува и предметот се враќа на повторно постапување.
- Согласно донесеното решение и укажување на Агенцијата, АД ЕСМ како имател на информацијата, повторно го разгледа барањето и повторно спроведе Тест на штетност за точките 2,3 и 4 од Барањето, при што се одлучи позитивно да се одговори и да се доставаат информации по однос на точките 2 и 3 од барањето, а по однос на точка 4 не се утврди дека треба да се одобри барањето од причина што тоа не се однесува на барање за информација или документација, туку се бара увид во испорачаните стоки-делови кои биле предмет на јавна набавка, односно да се направи увид во испорачани стоки/делови во Подружница РЕК Битола. Објектот со одлука е прогласен за објект од стратешко значење на државата и пристапот во него е строго ограничен.

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата; 1

- Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер донесе решение бр. 08-223 од 21.08.2024 година со кое, жалбата на Трговско друштво за машиноградба и посредување во прометот ССА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, против Решението на АД ЕСМ бр. 18-4269/3 од 26.07.2024 година, за делумно одбивање на Барање за пристап до информации од јавен карактер, се уважува и предметот се враќа на повторно постапување.

  Согласно донесеното решение и укажување на Агенцијата, АД ЕСМ како имател на информацијата, повторно го разгледа барањето и повторно спроведе Тест на штетност за точките 2,3 и 4 од Барањето, при што се одлучи позитивно да се одговори и да се доставаат информации по однос на точките 2 и 3 од барањето, а по однос на точка 4 не се утврди дека треба да се одобри барањето од причина што тоа не се однесува на барање за информација или документација, туку се бара увид во испорачаните стоки-делови кои биле предмет на јавна набавка, односно да се направи увид во испорачани стоки/делови во Подружница РЕК Битола. Објектот со одлука е прогласен за објект од стратешко значење на државата и пристапот во него е строго ограничен.

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата; 1

- Со решение 08-223 од 21.08.2024 година со кое, жалбата на Трговско друштво за машиноградба и посредување во прометот ССА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, против Решението на АД ЕСМ бр. 18-4269/3 од 26.07.2024 година, за делумно одбивање на Барање за пристап до информации од јавен карактер, се уважува и предметот се враќа на повторно постапување.

Согласно донесеното решение и укажување на Агенцијата, АД ЕСМ како имател на информацијата, повторно го разгледа барањето и повторно спроведе Тест на штетност за точките 2,3 и 4 од Барањето, при што се одлучи позитивно да се одговори и да се достават информации по однос на точките 2 и 3 од барањето, а по однос на точка 4 не се утврди дека треба да се одобри барањето од причина што тоа не се однесува на барање за информација или документација, туку се бара увид во испорачаните стоки-делови кои биле предмет на јавна набавка, односно да се направи увид во испорачани стоки/делови во Подружница РЕК Битола. Објектот со одлука е прогласен за објект од стратешко значење на државата и пристапот во него е строго ограничен.

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање и

- Ниедна

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.

- Ниедна

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР**

**м-р Лазо Узунчев**

**Скопје, 16.01.2024**

**(Место и датум)**

**(Имател на информации-печат)**

БорчеИлиевски

**(службено лице – потпис)**